


**Групацијата на производители на заштитни врати**

**<u>З А П И С Н И К</u>**
**<u>од седницата на Групацијата на производители на заштитни врати одржана на 04.02.2011 година во Стопанска комора на Македонија</u>**

Седницата ја водеше претседателот на г-дин Марјан Јовевски кој го предложи, а присутните едногласно го прифатија следниот

**<u>Д н е в е н р е д</u>**

- Усвојување на записникот од конститутивната седница на Групацијата
1. Расправа за начинот на делување и план на активности на Групацијата за наредниот период
2. Формирање на комисија на Групацијата за соработка со државните институции.

- Запосникот од Конститутивната седница на Групацијата на производители на заштитни врати без забелешки беше едногласно усвојен

**<u>Точка 1</u>**

На седницата членовите потенцираа дека основна активност на истата ќе биде потреба изготвување и донесување на правна регулатива по теркот на директивите и стандардите на Европската Унија за заштитните врати со која би требала да се регулира оваа област, а пред се разрешување на проблемите на нелојалната

конкуренција и неконтролираниот квалитет која се појавува при увозот на заштитните врати.

Во 2010 година увозот на заштитни врати изнесува околу 2,0 милиони САД доларари од кое 50% се од Кина кои воглавном не ги задоволуваат стандардите за квалитет.

Непостоење на овластена и акредитирана лабораторија за испитување на квалитетот на заштитните врати доведува до увоз на заштитни врати со низок квалитет за кое се предложи да во отсуство на правна регулатива  се побара од надлежните државни институции да се овласти тело (во која свое учество ќе земат и производителите), кое ќе врши контрола на квалитетот и издава атести за квалитет. Овоа тело пред се би вршело испитување, лиценцирање, катигоризација и други работи за кое би била овластена.

Донесувањето на правната регулатива е од интерес и на производителите на опремата а и на самата држава со која производителите ќе се заштитат од нелојалната конкуренција, додека интересот на државата е намалување на последиците од пожари и други непожелни активности.

На крајот од дискусијата се заклучи да се организира средба со преставници на Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Царинска управа на РМ, Дирекција за заштита и спасување, Државен испекторат за техничка инспекција и Организацијата на потрошувачите на Македонија. На која би се расправало за начинот на делување за сузбивање на нелојалната конкуренција и заокружување на правната регулатива.

**<u>Точка 2</u>**

За соработка со надлежните државни органи формираа беше комисија од три члена и тоа Марјан Јовевски, од Златна рака М од Скопје, Ѓорѓе Стојаноски од Металтехна од Скопје и Пандил Милошевски од Тензор од Скопје.

Претседател
Марјан Јовевски с.р.

Бр.12-245/2
31.02.2011 год.
Скопје